Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-420/5
__________ година
20-09-2024

Постапувајќи по претставка бр. 08-420/1 од 27.05.2024 година поднесена од [redacted] од Велес, во име на неговата малолетна ќерка, против Министерство за здравство на Република Северна Македонија, за извршена дискриминација врз основа на ментална и телесна попреченост и здравствена состојба во областа на социјалната сигурност и социјалната заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита и пристапот до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното:

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на ментална и телесна попреченост и здравствена состојба во областа на социјална сигурност и социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита и пристапот до добра и услуги, од страна на Министерството за здравство на Република Северна Македонија кон малолетната ќерка на подносителот на претставката [redacted]од Скопје.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата), на 27.05.2024 година, поднесена е претставка бр. 08-420/1 од лицето [redacted] од Велес, родител на малолетно дете со утврдена дијагноза "West Syndrome", за сторена дискриминација врз основа на ментална и телесна попреченост и здравствена состојба во областа на социјалната сигурност и социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита и пристапот до добра и услуги, од страна на Министерството за здравство на Република Северна Македонија.

Во претставката подносителот наведува дека маслото од канабис во 2015 и 2016 година било воведено како лек кој го користела неговата ќерка и многумина други лица со констатирана дијагноза West Syndrom. На почетокот маслото било со цена од 7.500,00 денари за едно пакување кое било за период од 2 месеци. По две односно три години од отварање на плантажите за канабис, цената на маслото изнесувала 3.600,00 денари за едно пакување на лекот. Како што во претставката наведува именуваниот,

во наведениот период "пратките со масло од канабис биле крадени или случајно ги снемувало". Пред два, односно три месеци фабриката за фармацевтски и хемиски производи [redacted] Скопје ги известила дека маслото било конечно вратено на пазарот во ново пакување и под ново име, со тоа што пакувањето било намалено од 120мл на 30мл, а цената на истото се зголемила од 1.800,00 денари количина за еден месец употреба – на 6.000,00 денари за количина за едномесечна употреба. На прашање зошто е толкавиот пораст на цената на лекот, фармацевтската компанија одговорила дека Владата на Република Северна Македонија дала одговор дека измените во регулативата се однесувале на промената на статусот на производот кој пред измените бил лек, а сега имал статус на магистрален лек. На крајот подносителот констатира дека на овој начин на неговата ќерка и се ограничува пристапод до лекарства заради третирање на нејзината состојба.

На 13.06.2024 година Комисијата се обрати до Министерството за здравство со Барање број 08-420/2 за произнесување по наводи во претставка. Со оглед дека бараното произнесување не беше доставено во законски утврдениот рок, Комисијата на 16.07.2024 година, достави Ургенција број 08-420/3 до Министерството за здравство заради прибавување на потребното произнесување. По ова на 23.07.2024 година до Комисијата доставен е Одговор број 19-5331/3 од 23.07.2024 година на Министерство за здравство во кој се наведува дека согласно позитивните законски прописи во Република Северна Македонија не било предвидено формирање и утврдување на цените на магистралните лекови. Исто така се известува дека измената во регулативата во делот на магистрални лекови била извршена согласно Европската пракса и регулативите во Европска Унија како овие лекови би биле подостапни за пациентите.

Имено, во член 9 од Уставот на Република Северна Македонија е уредено дека *граѓаните на републиката се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјално потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општетсвената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви*. Според член 39 од Уставот, *на секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита.*

Според член 2 став (1) алинеја 3 од Закон за здравствената заштита, *здравствената заштита опфаќа систем на општествени, индивидуални мерки, активности и постапки, меѓудругото за навремено и ефикасно лекување*. Во член 3 од законот е уредено дека *секој има право на здравствена заштита и обврска да се грижи и да го чува и унапредува своето здравје во согласност со закон*.

Во член 1 став (1) од Закон за лековите и медицинските средства е утврдено дека *со законот се уредуваат лековите и медицинските средства за употреба во хуманата медицина, условите и начинот за обезбедување на нивниот квалитет, безбедност и ефикасност, начинот и постапките за нивно производство, испитување, ставање во*


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*промет, промет, формирање на цени, контрола на квалитет, огласување и инспекциски надзор*. Во член 2 став (1) точка 20 е утврдена дефиницијата за Магистрален лек, па следствено под овој поим се подразбира *секој производ изработен во аптека врз основа на рецепт од лекар, а е наменет за одреден пациент*. Член 17 став (1) уредува дека *лек може да се стави во промет ако има издадено одобрение за ставање во промет во согласност со законот*, а во став (2) алинеја 5 се определува дека *одобрение за ставање во промет не е потребно, меѓудругото за магистрални лекови*. Во Глава III. Со наслов Формирање на цени, во член 107 став (1) е уредено дека *цените на лековите се формираат слободно освен за лековите што се издаваат на рецепт и лековите што се на листата на есенцијални лекови*. На крај, во член 108 став (1) е уредено дека *формирањето на цените на лековите се врши на начин што не е дискриминаторен и не дозволува дампинг.*

Согласно изнесено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација утврдена со член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација која гласи: *"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други."* Имено, Комисијата најде дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на ментална и телесна попреченост и здравствена состојба во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита и пристапот до добра и услуги, од страна на Министерство за здравство кон подносителот на претставката [redacted] и неговата малолетна ќерка при набавувањето на маслото од канабис во медицински цели. Имено, во согласност со важечката законска регулатива, маслото од канабис има статус на магистрален лек, односно *производ изработен во аптека врз основа на рецепт од лекар, а наменет за одреден пациент*. Од друга страна пак, цените на лековите се формираат слободно освен за лековите што се издаваат на рецепт и лековите што се на листата на есенцијални лекови. Во тој контекст, формирањето и утврдувањето на цените на магистралните лекови не е предвидено, а ваквата пракса важи за сите лекови со статус на магистрален лек, што пак значи дека подносителот при набавувањето на овој лек не бил ставен во понеповолна положба, односно не бил различно третиран во однос на други лица корисници на магистрални лекови и на конкретниот магистрален лек – маслото од канабис, а врз основа на одредена негова заштитна карактеристика, дискриминаторска основа.

Врз основа на сето погоре, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
19.09.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за здравство на РСМ, ул. „50та Дивизија" бр. 14, Скопје
- Архива на КСЗД